# Од историското минато на печалбарското Љубојно



Пишува: **СЛАВЕ КАТИН**
www.slavekatin.com

Љубојно е едно од најкарактеристичните места во Преспа и пошироко. Долго време претставуваше општински, образовен, културен и здравствен центар за Долна Преспа и пошироко. Тоа е едно од најубавите села кое пленува со своите архитектонски градби, со стилот на старите куќи, сокаците и дворовите, како и со иновациите во начинот на живеење што бројните печалбари ги пренеле од светот во својот роден крај.

Тоа, како и многу македонски села, е село од збиен тип; со тесни калдрмисани улици, стари македонски куќи изѕидани со камен и на кои се впечатливи пространи балкони, како и со дворови заградени со авлии што се резултат на пограничната местоположба.

Селото Љубојно за првпат се споменува во еден запис на Сливничкиот манастир во 1607 година како поголема македонска населба. Затоа со право се вели дека ова е село со долга и бурна историја. Сведоци на таа македонска историја се низа оставнини како што се нивните стари куќи, бројните македонски православни цркви и манастири и други објекти кои ја чуваат вистината и тајната за Љубојно, за љубанци, за Долна Преспа, за Македонија и за целиот македонски народ.

Во Македонија, покрај другите поголеми села, секако е и Љубојно. Тоа е дел од вистината за Македонија, за печалбарството, за минатото, за сегашноста и за иднината. Љубојно се наоѓа во Долна Преспа, во пазувите на Баба Планина недалеку од Преспанското Езеро, на македонска земја, а само неколку километри северно од границата на истата земја меѓу Република Македонија и јужниот сосед, на местото викано „Маркова Нога". Љубојно има рамничарско-ридска положба, се наоѓа на надморска височина од околу 920 метри и зафаќа простор од околу 13 километри квадратни. Љубојно е оддалечено околу 28 километри од општинскиот центар Ресен, а по шеесетина километри од Битола и од Охрид.



*Дел од центарот на Љубојно*

Според народните преданија, Љубојно своето име го добило од најубавиот збор љубов. Поточно, многу одамна се вљубиле момче и девојка, кои живееле во две соседни населби. Поради лошите меѓусоседски односи на жителите од населбите, младите не смееле да се земат. Меѓутоа, тие сепак одлучиле да се земат и заедно да побегнат. Се доселиле во близината на реката и тука останале среќно да си живеат. Подоцна, кај тоа место на вљубените, се доселиле други семејства и, поради тоа, населбата ја нарекле Љубојно.

Според друга легенда, во далечните години на XIV век, во Љубојно имало некоја меанџика по име Љуба. Кога оделе муштериите во меаната, таа им точела добро вино. Од толку што било добро виното, муштериите го нарекле „Љубо – вино”. И по тие зборови населбата ја нарекле Љубојно.

Веројатно, легендите се само прераскажување на постарите од овој крај. Но, вистина е дека Љубојно, односно жителите од овој преспански крај поседуваат љубов; љубов кон родниот крај, кон татковината, кон природата и кон убавото. Според кажувањата на постарите, таму секогаш живееле вредни и честити Македонци кои фанатизирано ја бранеле и ја чувале верата и нацијата, обичаите и традициите.

За време на Илинденското востание, селото било запалено и до темел изгорено. Сведоци на таа македонска трагедија се старите куќи, изградени на постојните темели што љубоморно ја чуваат вистината за трагедијата на Љубојно, на љубојничани и на целиот македонски народ.

Меѓутоа, местото и улогата на Љубојно и на љубанци се значајни уште пред Илинденското востание. Од Љубојно имало дваесетина комити, предводени од четирите истакнати љубански војводи и тоа: Кире Кондов, Ефтин Лембов, Ристо Томулев и Јонче Стасовски, при што значајна улога одиграл и љубанскиот поп Ристо Попов. Еден од првите членови на Националниот комитет за ослободување од ропството, штипјанецот Славејко Арсов од 1901 година кога се одвивале подготовките за почеток на востанието, па сè до завршувањето на востанието, честопати бил присутен во Љубојно, организирајќи револуционерни комитети. За тогашните настани е сведок спомен-куќата на Калајџиовци во која се криеле, меѓу другите, кривенскиот војвода дедо Геро и во која загинал комитата Ристо Бузако од Арвати. За овие настани од времето на Илинденското востание на куќата на Калајџиовци е поставена спомен-плоча како потсетник која ги потсетува денешните генерации, кои секоја година им оддаваат достојна почит на сите илинденци токму пред куќата на Калајџиовци и токму на денот на востанието, односно на 2 август.



*Четата на Славејко Арсов*

Според историските податоци, периодот од Илинденското востание па сѐ до Втората светска војна е карактеристичен по тоа што во 1919 година била отворена (пренесена од Наколец) првата општина во Љубојно, а во 1927 година била изградена новата општинска зграда, која денес е преадаптирана во полициски станови. Потоа, во 1922 година била отворена џандармериската станица, која и денес постои и се користи како полициска станица. Веднаш до неа, во 1937 година била изградена царинарницата. Војничката зграда, позната кај љубанци под името штаб, пак, е изградена во 1932 година, а во 1936 година во Љубојно започнала со работа поштата, која ги задоволувала потребите на целата љубанска општина. Меѓутоа, веднаш по Народноослободителната војна во Љубојно во 1946 година била отворена сегашната македонска пошта.

Периодот меѓу двете светски војни за Љубојно е карактеристичен и по тоа што во 1931 година на гласањето за пратеник во Ресен, меѓу четирите кандидати, најмногу гласови добил д-р Михајло Попов од Љубојно. И д-р Владо Туџаров бил избран за околиски лекар, а бил и претседател на фудбалскиот клуб во Ресен во 1938 година.

Секое време си носи свое бреме, така вели народната поговорка. Така, Љубојно било под многу окупации: српска, бугарска, италијанска, германска и албанска окупација, но секогаш било и база на преспанските движења за ослободување во сите борби и обиди за борби на македонскиот народ. Таков е случајот во Втората светска војна кога на 9 септември 1943 година во Љубојно, со околните села што ги опфаќало како општина, била создадена слободна територија, прва во Преспа. За жал, таа слобода траела само два месеца (до 6 ноември 1943 година) кога Љубојно било окупирано од бугарските војски и така останало сѐ до целосното ослободување, односно до 5 септември 1944 година.

Кога се зборува за борбената Преспа, за местото каде што владеел првиот македонски цар, Самуил, важно е да се спомене дека во Љубојно на 8 и 9 септември 1943 година била формирана првата слободна територија во Преспа, за подоцна во текот на 1944 година целосно да биде засекогаш ослободена од бројните непријатели.

Веднаш по ослободувањето, Љубојно прилегало на градска населба во која имало 8 чевларски работилници, 7 дуќани за широка потрошувачка и текстил, 4 кафеани, 4 дрводелски работилници, 5 шивачки работилници, две фурни за леб, 2 месарници, 8 воденици, една ковачници, берберница и др. Во тоа време во Љубојно имало Дом на културата, киносала, парк, осумгодишно училиште, библиотека, амбуланта, матична служба, споменици посветени на Илинден и на Народноослободителната борба...

Интересно е да се спомене дека во 1950 година во Љубојно се формирани два фудбалски клуба „Пелистер“ и „Слога“, кои пет години се натпреваруваа во Преспанската фудбалска лига. Шеесетите години од минатиот век се карактеристични за спортот во Љубојно со развојот на спортската дисциплина одбојка. Така, Љубојно била единствената селска населба во Македонија која имала одбојкарски клуб, кој се натпреварувал во Првата македонска одбојкарска лига. Одбојкарскиот клуб „Љубојно”, се натпреварувал со елитните екипи „Вардар” од Скопје, потоа екипите од Титов Велес, Струмица, Тетово, Битола и други градови во Република Македонија.



*Штабот на војската во Љубојно*

Младите одбојкари на екипата „Љубојно“ на турнирот во Скопје во 1966 година, во силна конкуренција на јуниори, го освоиле првото место, што претставуваше најголем спортски успех на љубанци. Исто така, успехот на фудбалскиот клуб „Пелистер“ кој се натпреваруваше во Битолскиот фудбалски потсојуз и постигна завидни резултати.

Исто така, треба да се споменат неколку спортисти во светот кои водат потекло од Љубојно, а тоа се: Пит Стојанович (Марковски), еден од најскапо платените рагби играчи во тоа време во САД и Анита Томулевска која живее во Осло, Норвешка, која била врвна европска гимнастичарка, која учествувала на гимнастичарски натпревари во Атина и Шпанија и постигнала завидни резултати.

Уште во текот на ослободителното движење во Љубојно било воспоставено организирано живеење преку Месниот народен одбор. Активностите се прошириле и се збогатиле во периодот од 1950 до 1955 година кога се формира Општината Љубојно со селата од Долна Преспа: Сливница, Крани, Арвати, Штрбово, Наколец, Брајчино и Долно Дупени, чиј претседател бил Митре Марковски, а секретар бил Мијал Наумовски, двајцата од Љубојно. Од 1955 до 1958 година љубанската општина била припоена кон Општината Асамати, чиј претседател бил Васил Димовски од Долно Дупени. Од 1958 година Општината Љубојно ѝ припаднала на Општината Ресен во чиј состав е и ден-денес, во 2013 година

Во оваа прилика треба да се потенцира дека Љубојно и љубанци како луѓе ја покажале и докажале големата човечност и хуманост прифаќајќи десетици илјади Македонци од егејскиот дел на Македонија, меѓу кои најмногу деца, прогонети во виорот на Граѓанската војна во Грција. Во тие тажни мигови, љубанци во своите можности ја искажале својата човечка топлина и мајчинска грижа кон тие преморени, гладни и исплашени најмлади генерации. Денес, особено за Илинденските иселенички средби, бројни прогонети Македонци од своето прадедовско огниште го посетуваат Љубојно и се сеќаваат на мрачните денови на прогонот.

За Љубојно карактеристично е и тоа што уште во 1949 година за првпат на Полена беше прикажан филмот „Барба Жван“. Потоа, во 1957 година, земјоделската задруга „Преспа“ од Љубојно набави кинопроектор со кој сè до 1973 година во Задружниот дом се прикажуваа филмови за љубанци и мештаните од другите села. Киносалата располагаше со околу 350 седишта, а филмови се прикажуваа двапати неделно, во среда и сабота.







*Публикацијата „Илинден 1903-2003 и македонските иселеници“ од Славе Николовски-Катин е за Илинден и за придонесот на Македонците во дијаспората и е издание на „Македонска искра“, Скопје, 2003, 1-232, а* монографијата *„Љубојно-љубов наша“ од Стојан Лембо е прекрасно, вечно и значајно издание за Љубојно, а е издадено на „Друштвото за наука и уметност“, Битола, 1996, 1-350*

Есента 1948 година, пак, по примерот на советските колхози и во Љубојно стаса колективизацијата. Така во пролетта 1949 година, сите 226 домаќинства со 1171 жител беа зачленети во Земјоделската задруга „Видое Смилевски“ во Љубојно. Во тие бурни времиња беа изградени шталите, во кои еден период беше отворен погон на „Преспатекст“ од Ресен и магацините во Чифлиг. Задругата успеа да се одржи уште 4 години..

Во 1953 година во Љубојно се формира новата задруга „Преспа“, која имаше свои пунктови на земјоделски производи, бакалница, продавница за вештачко ѓубриво, кланица, продавница за месо и кафеана.. Од 1975 година задругата влезе во состав на комбинатот „Преспанско јаболко“ од Ресен, а во 1992 година беше ликвидирана.

Познато е дека за жителите на Љубојно и на цела Преспа печалбарството е стара традиција и како феномен се појавило многу оддамна. Меѓутоа, миграционите процеси што ја зафатија цела Преспа во педесеттите години од минатиот современ век, не го поштедија ни убавото Љубојно, од каде што голем број семејства се преселија во други градови на Македонија, потоа во САД и Канада и Австралија,  во Европската унија и некои други земји ширум светот.



*Дел од Љубојно*

Печалбарството како „стар занает“ од Македонија, а со тоа и од Љубојно помасовно започнало уште на почетокот во XIX век. Одењето на гурбет во прекуморските земји, се интензивирало пред и по Илинденското востание, меѓу двете светски војни и особено по Втората светска војна. Затоа, со право се вели дека љубанци биле едни од првите од Македонија кои свиле нови гнезда по светот и се едни од најбројните Преспанци во дијаспората.

Според податоците на Стојан Лембо во книгата „Љубојно – љубов наша“,во Љубојно живеат 96 домаќинства, или 223 жители (а најмногу - 1209 жители броело во 1953 година). Во Македонија има 125 домаќинства, во Европската унија 20, во Србија 11, потоа во САД 172, во Канада 66, во Австралија 32 и 15 домаќинства биле иселени пред Втората светска војна. Или вкупно 517 домаќинства по светот се од печалбарското Љубојно.

***Продолжува***